Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-5/2022
Дата. 18-08-2022

**До**: Информативен центар

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-5/2022 на ден 24.03.2022 година од страна на сопственици на парцели засегнати од ерозија и уништување на земјоделско земјиште – Долно Бавчи од река Брегалница, Општина Делчево, Ве замолуваме да го објавите исходот од постапување по претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-5/2022
Дата.___18 -08- 2022___

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр. УПП-5/2022 од 24.03.2022 година на сопственици на парцели засегнати од ерозија и уништување на земјоделско земјиште – Долно Бавчи од река Брегалница, Општина Делчево

Претставката заведена со архивски број УПП-5/2022 е доставена од сопственици на парцели засегнати од ерозија и уништвање на земјоделско земјиште – Долно Бавчи од река Брегалница, Општина Делчево во врска со Барање за враќање на земјоделското земјиште на река Брегалница во старото речно корито.

Министерството за животна средина и просторно планирање ја проследи претставката по службена должност до Општина Делчево на надлежност и понатамошшно постапување како првенствено надлежен орган на државна управа (локална самоуправа) на ден 30.03.2022 година.

Општина Делчево, по второто Укажување од страна на Сектор за правни и општи работи на МЖСПП на ден 03.08.2022 година се произнесе со следното исхд од своето постапување:

- Согласно член 123 од Законот за води став 1 за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја надлежни се општините, а предметната локација опфатена во барањето не е урбано подрачје од причини што урбанистичката документација е поништена со решение бр.08-1643/1 од 27.08.2015 година
- Од страна на Општина Делчево поднесено е барање со бр.08-353/1 од 22.02.2016 година од Агенцијата за катастар на недвижности -ПО Делчево за пренамена на култура на земјиштето во подрачјето кое беше опфатено со урбанистичкота документација за што се приложени и спогодби за раскинување на договор за отуѓување на градежно земјиште со јавно надавање склучени со сопствениците на градежни парцели.Пренамената на културата е завршрна.
- Согласно член 123 од Законот за води, правните лица кои управуваат со водостопанствата од член 191 од истиот закон се надлежни за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во подрачјето на нивното дејствување, вклучително и уредување и оддржување на коритата и каналите во нивното подрачје.

**По овластување на МИнистер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk